<u>Текст за делегатите и претседателите на асоцијациите</u>

Почитуван делегату / претседателе

Ни претставува особено задоволство што најпосле можеме да Ви го претставиме финалниот нацрт на новиот ЕАТА етички кодекс. На него е работено повеќе од три години и многу топло им се заблагодарувам на сите оние кои ја вложија својата мудрост, компетентност, енергија и време во оваа важна задача.

Оваа финална верзија им беше презентирана на делегатите на состанокот на Советот на 8-ми Јули (2006, заб.прев.), и беше цврсто подржана од Советот на ЕАТА и Извршниот Комитет на ЕАТА.

Ве покануваме да го разгледате новиот кодекс и да го дискутирате во Вашата асоцијација. Доколку имате реакции и повратни информации во однос на него, Ве молиме испратете ги до делегатот на ЕАТА или претседавачот на етичкиот комитет во Вашата национална асоцијација. Потоа тие ќе се погрижат Вашата реакција да стигне до Етичкиот Комитет на ЕАТА. Реакции и повратни информации ќе се примаат до 31 Јануари 2007 година.

Финалното гласање за новиот кодекс ќе биде на состанокот на Советот во Јули 2007.

Срдечни поздрави

Барбара Класен, претседавач на Етичкиот Комитет на ЕАТА

# Етички Кодекс[1] на ЕАТА

## Последна ревизија по состанокот на Советот, Сантијаго де Компостела (10.08.2006)

### Вовед

Етичкиот Кодекс на ЕАТА има за цел да служи како основно напатствие за националните организации припоени кон ЕАТА и за секој член на ЕАТА. Наменет е да им помогне на практичарите[2] да ја користат Трансакциона Анализа во Психотерапија, Советување, во област на Едукација и Организација, на етички начин. Секоја национална асоцијација има задача да го применува доследно со Деонтолошкиот Национален Кодекс.

Освен тоа, овој Кодекс ја информира јавноста за тоа какво однесување може да се очекуваа во овие контексти од членовите на оваа Асоцијација.

Националните организации припоени кон ЕАТА, треба да пропишат сопствени норми, кои треба да бидат конзистентни со Етичкиот Кодекс на ЕАТА и со нивните национални правни барања.

Овој Кодекс има три дела: првиот дел е вовед во Кодексот и ја истакнува основната перспектива на Етиката; вториот дел е јадрото на Кодексот и ја објаснува дефиницијата на фундаменталните вредности и сродните етички принципи; третиот дел е примена на вредностите и принципите во пракса. **Овој дел ќе биде заклучен по прилозите од Етичките Комитети на Националните Асоцијации, кои ќе ги земат предвид нивните национални правни барања.** Особено:

**Дел I: Општа Рамка за Етиката**

1.1. Дефиниција на Етиката
1.2. Основни претпоставки
1.3. Пристап кон Етичкиот Кодекс
1.4. Главни цели

---

[1] Овој Кодекс ги заменува сите претходни Етички Кодекси на ЕАТА. Овој кодекс беше создаден со соработка, согласност и размислувањата на Етичкиот Комитет на ЕАТА (Барбара Класен, Бригит Еврард, Маргарет Подлеш, Ритва Пироинен, Жаклин Дозенбах, Валентин Лапања Фурлан). Главната содржина на овој кодекс беше создадена од пододборот на Етичкиот Комитет на ЕАТА составен од мултинационална група која ги вклучува следниве членови: Робин Валфорд (Координатор), Владимир Гусаковски, Клод-Мари Дупин, Сабине Клингенберг и особено Карла де Нито која даде многу значаен придонес.

[2] Во овој Кодекс, зборот "практичар" се однесува на сите членови на ЕАТА кои ја користат Трансакциона Анализа како модел за разбирање и промена со поединци, парови, групи или организации. Зборот "клиент" го означува секој корисник, пациент, студент, група или организација, кој/која е примач на професионални услуги од членовите на ЕАТА.

1.5. Обврска:
1.5.1. за националните Асоцијации припоени кон ЕАТА
1.5.2. за член на ЕАТА

**Дел II: Јадро на Етичкиот Кодекс**
2.1. Основни вредности
2.2. Основен етички принцип

**Дел III: Примена во пракса**
3.1. Упатства за етичка пракса
3.2. Примери на примена на вредностите и етичките принципи во следниве различни полиња:
3.2.1. Психотерапија
3.2.2. Советување
3.2.3. Едукација
3.2.4. Организација

**Додаток: Членови од Универзалната Декларација за Човечки Права, кои се однесуваат на основните вредности.**

**Дел I**
**Општа рамка на Етиката**

## 1.1. Некои дефиниции на Етиката

Етиката[3], во најшироко значење, е филозофска дисциплина која ги проучува човечките постапки, а ги опфаќа и моралните намери и човечката волја. Етиката[4] ја претпоставува способноста за избор како да се постапи. Ја вклучува способноста за избор во согласност со нечии сопствени параметри (субјективна етика) и способноста за избор земајки ја предвид перспективата на другиот (интерсубјективна етика).

Деонтологија е учење за моралната обврска и посветеност на практичарите да постапуваат етички.

## 1.2. Основни претпоставки

- Постои тесна врска помеѓу етика и пракса[5]: однесувањето може да биде етичко или не, во зависност од тоа дали ја унапредува сопствената, и благосостојбата на другите.
- Етика е општа рамка, која го води практичарот низ пружањето на професионална услуга и секогаш ја поткрепува праксата. Не е ограничена само на решавање на тешки и проблематични ситуации.
- Етиката одредува вредности кои им помагаат на луѓето да го реализираат својот потенцијал како човечки суштества; вредности кои ги поткрепуваат етичките принципи како упатства да ги остварат вредностите и принципите кои ги поткрепуваат деонтолошките норми, и претставуваат упатство за професионална пракса.

---

[3] Дефиницијата потекнува од Италијански речник, Dizionario delle Idee, Sansoni, 1977, 392.

[4] Стриктното значење на етика е дека тоа е синоним на смртност (“Ethos” и “Mos” на Грчки и Латински значат обичаи, навики) и се однесува на способноста на само-испитување со цел да се најде исполнување: така да ние се однесуваме етички кога го обистинуваме нашиот потенцијал и кога се грижиме за исполнетоста на другите (Dizionario delle Idee, Sansoni, 1977, 392).

[5] *Пракса* означува професионална релација на помош која се јавува кога практичарот и корисникот се согласуваат со јасен договор. Ова се однесува на сите четири области на специјалност: Психотерапија, Советување, Едукација и Организации; примената може да биде различна, но основниот принцип е ист во сите овие полиња.

## 1.3. **Пристап кон Етичкиот Кодекс**

Етичкиот Кодекс на ЕАТА идентифицира основни вредности. Овие вредности нудат опкружување за да го информираат практичарот во врска со неговото лично и професионално однесување, а со цел да ја промовираат благосостојбата на луѓето вклучени во професионална релација. Овие вредности помагаат да се поставaт критериуми за етичко и професионално однесување: тоа ги вклучува основните претпоставки за вредностите и сродните етички принципи, и ги користи како основа да ја информира етичката пракса во сите помагачки професии.

Деонтолошкиот Кодекс нуди сет на правила кои даваат напатствија за да го регулираат однесувањето на практичарот со цел заштита на правата на секој корисник. Овие правила се стриктно поврзани со националните закони и се специфични за различни професионални тела.

Целта на Етичкиот и Деонтолошкиот Кодекс е да ги гарантираат човечките права исто како и националните закони.

Затоа, во овој Кодекс нагласокот е на важноста да се имаат јасни вредности и етички принципи со цел да се создаде опкружување за справување со широк ранг на ситуации, дури и кога тие не се конкретно опишани во Етичкиот Кодекс.

Со овој пристап, етичката пракса не е само примена на сет од правила кои означуваат што би требало и што не би требало да се прави, туку размислување за вредностите и принципите по кои се водат практичарите во Трансакциона Анализа. Можно е да се наиде на ситуации кои не се покриени со специфичен кодекс или да се биде соочен со тоа дека мора да се одлучува помеѓу принципи. Во такви околности, секоја избрана акција станува неетичка само доколку може да се види дека практичарот не превзел соодветна грижа во однос на вредностите и принципите на ТА. Секој од дадените примери е развиен како индикација за добра пракса и не треба да се смета како исцрпен.

Освен тоа, сваќање на Етиката во термини на генерални вредности и принципи помага да се земат предвид културалните разлики во ЕАТА заедницата и на националните организации им обезбедува шаблон за нејзино интегрирање во националниот Деонтолошки Кодекс.

## **1.4. Основни Цели**

1. Зголемување на свесноста на практичарот, и неговото размислување во термини на Етика (вредности и принципи, исто како и норми и забрани) со цел да се креира опкружување за анализирање на човечките ситуации.

2. Да им се даде на членовите на EATA јасна рамка за Етика, така што практичарот ќе има критериуми да одбере етички позиции и да ја употреби Етиката како шаблон за да ја анализира секоја практична ситуација.

3. Да се обезбедат неколку примери за примена на етичките принципи кои произлегуваат од вредностите, така да практичарите ја разберат поврзаноста помеѓу овие две работи, а не само да се адаптираат на сет од правила.

4. Да се демонстрира потребата од само-испитување низ гледање на вредности и етички принципи, наместо на листа на правила и барани однесувања.

## 1.5. <u>Обврски</u>

Поради природата на EATA, асоцијација на асоцијации, овој член е напишан во два дела: првиот дел е конкретно за Асоцијациите, а вториот дел е за индивидуалните членови на EATA; двата ја содржат експлицитната согласност да се биде дел од EATA.

### 1.5.1. <u>Обврски на националните организации припоени кон EATA</u>

Секоја национална организација припоена кон EATA е согласна со овој Етички Кодекс и се обврзува да:

- го употребува EATA Етичкиот Кодекс како шаблон за сопствениот национален Кодекс, и да го интегрира во Етичкиот и Деонтолошки Кодекс на својата земја, кој се однесува на различните професии на TA практичарите. Ова ги вклучува културалните аспекти и ги зема предвид националните закони;
- обезбеди секој член да го потпише Кодексот и да го употребува во својата пракса;
- се погрижи да ги разреши локалните ситуации кога професионалното однесување на членот не е соодветно со националниот Етички Кодекс, Кодексот на EATA и националните закони;
- реферира до Етичкиот Комитет на EATA за било кое нерешено прашање со член, или организација членка, и да побара помош со цел да се разјасни процесот и да се биде во можност да се најде конечно решение.

### 1.5.2. Обврски на членовите на Националните Асоцијации

Секој индивидуален член на ЕАТА од Националната Асоцијација, (вообичаено како дел од националната асоцијација), е согласен со Етичкиот Кодекс на ЕАТА и се обврзува себе си да:

- го користи како рамка за своето етичко размислување и рефлексии и како водич низ праксата;
- се придржува кон Деонтолошкиот Кодекс на својата земја, земајки ја предвид својата специфична професија.

Секој индивидуално е одговорен за своето професионално однесување и е свесен за своите обврски кон ЕАТА заедницата. Доколку тоа однесување не е соодветно со ЕАТА и националниот Кодекс, тогаш тоа ќе биде испитано и проценето од национално тело кое ќе одреди санкции доколку е потребно.

Секој ЕАТА тренер се обврзува да го дискутира и рефлектира овој Кодекс во сите аспекти на тренингот.

## Дел II
## Јадро на Етичкиот Кодекс

Етика е дисциплина која ги прави експлицитни основните вредности кои го помагаат процесот на исполнетост на човечките суштества.

Вредностите доаѓаат од егзистенцијален и филозофски поглед, и се валидни за секого и допринесуваат за благосостојбата на единката и на другите. Тие се универзални и ги надминуваат и културалните норми и развојот на индивидуалните реализации.

Етичките принципи произлегуваат од вредностите и ги индицираат ставовите со цел да ги преведат вредностите во професионална пракса. Принципите, поради својата природа, треба да бидат културално интерпретирани: некои принципи може да се изразат на различен начин во две различни култури; тие исто така се валидни за секое лице, директно или индиректно инволвирано со тој практичар.

Во овој дел специфичните вредности и етички принципи ќе бидат одредени и дефинирани. Овие вредности се есенцијални за целокупен здрав човечки развој и индивидуално и интерперсонално, и затоа може да се сметаат како основни човечки права. Затоа вредностите декларирани во овој Кодекс се соодветни со Универзалната Декларација за Човечки Права[6].

Етичките принципи се кратко дефинирани. Тие треба да бидат применети во пракса земајки ги предвид луѓето кои се директно или индиректно инволвирани. Затоа за секој принцип е индицирана листа на можна целна група која треба да биде опфатена, со цел однесувањето да

---

[6] Таа беше објавена на 10 Декември 1948 год., од страна на Генералното Собрание на Обединетите Нации во Универзалната Декларација за Човечки Права.

биде етичко: клиент, себе си како практичар, практиканти, колеги, заедницата.

## 2.1. <u>Основни Вредности</u>

Вредност го означува она што е основно за човечките суштества - да ги унапредуваат развојот и исполнетоста, како сопствените, така и на другите. Тоа го вклучува алудирањето на природниот закон кој им помага на луѓето да се однесуваат со почит кон себе си и кон другите. Следниве идентифицирани вредности се поврзани со Човечките Права и се вклучени во Универзалната Декларација за Човечки Права.

Овој контекст е исто така соодветен со егзистенцијалната и филозофската перспектива во Трансакциона Анализа. Многу вредности можат да се претпоставаат така да следнава листа нема да се смета за исцрпна; за членовите на ЕАТА, земајќи го предвид опсегот на вклучени активности, фундаментални се следниве:

1. *Достоинство на човечките суштества*[7]

Секое човечко суштество е вредно, независно од пол, социјална позиција, религиозно верување, етничко потекло, физичко или ментално здравје, политички верувања, сексуална ориентација итн.

2. *Само-одредување*[8]

Секоја индивидуа е слободна да одлучи за својата иднина во рамки на националните закони на својата земја и со должен обзир кон сопствените потреби и потребите на другите; секоја личност може да учи од сопственото искуство да биде одговорна за себе си и истовремено ја зема предвид природата на светот и слободата на другите.

3. *Здравје*[9]

Физичка и ментална стабилност е право на секое лице и треба активно да се заштитува.

4. *Сигурност*[10]

Секоја личност има потреба да биде способна да истражува и да расте во средина која & овозможува чувство на сигурност.

---

[7] Чл.1,2,3, од Универзалната Декларација за Човечки Права, види додаток.

[8] Чл.18,19, од Универзалната Декларација за Човечки Права, види додаток.

[9] Чл.24 и 25 од Универзалната Декларација за Човечки Права, види додаток.

[10] Чл.22 и 23 од Универзалната Декларација за Човечки Права, види додаток.

5. *Взаемност*[11]

Секоја личност, земајќи предвид дека живее и расте во интерперсонален свет, е взаемно инволвирана во благосостојбата на другите, развивајќи меѓузависност со другите со цел да ја гради сопствената сигурност, и сигурноста на другите.

Овие вредности се директно меѓусебно поврзани и ќе влијаат на ТА практичарите во нивната професионална пракса.

## 2.2. <u>Основни Етички Принципи</u>

Поради природата на вредностите и нивното значење во човечкиот живот со цел да го гарантираат почитувањето и правата на секоја личност, потребно е да се одредат јасни упатства за однесување кои се стриктно поврзани со вредностите. Етичките принципи произлегуваат од вредностите и служат како индикација како да се постапува во пракса, со цел да се промовира благосостојба, развој и раст на личноста; тие даваат упатство и нудат критериуми за етичко однесување.

Користејќи ги вредностите како почетна точка, може да се одреди сет на етички принципи. Основните се:

- Почитување
- Овластување
- Заштита
- Одговорност
- Обврска во релациите

Во помагачка професија, етичките принципи треба да опфатат многу области со цел да влијаат врз етичкото однесување. Основни најважни се:

- Клиенти
- Себе си како практичар
- Практиканти
- Колеги
- Човечка заедница

ТА практичарите ќе ја разгледаат секоја вредност и етичкиот принцип кој произлегува од неа и ќе се преиспитаат со цел да одлучат кој став да го завземат и како да се однесуваат во секоја од споменативе области. Практичарот ќе ја анализира секоја ситуација посматрајќи го влијанието на етичките принципи врз праксата и ќе одбира однесувања земајќи предвид широк ранг на фактори, нпр. клиент, себе си, средина, итн.

---

[11] Чл.29 од Универзалната Декларација за Човечки Права, види додаток.

После кратка дефиниција на секој принцип, има листа која ги индицира точките кои треба да се опфатат. Ова ќе му овозможи на практичарот да евалуира ситуација и да превземе одговорност за своите избори. Најпрво, постојат примери за добра пракса развиени како одговор на тој етички принцип. Ова има за цел да го поттикне практичарот да си поставува прашања на себе со цел да ги преведе принципите во пракса; тоа не е голема листа и секој практичар ќе најде свој одговор набљудувајки ги петте посочени цели. Ова ќе му овозможи на практичарот да ги образложи причините за своето однесување.

1. **Почит** кон секоја личност како човечко суштество, независно од било која специфична карактеристика или квалитет.

- Кон клиентите: Практичарот целосно ја зема предвид и тежнее да ја разбере личната перспектива на секоја индивидуа. Тој ќе & помогне на личноста да биде соодветна на нејзината перспектива. Практичарот ќе му ги пружи своите најдобри услуги на клиентот. Практичарот обезбедува безбедна и професионална средина и е свесен за моќта на својата позиција, внимателен е да креира доверлива средина, избегнувајки ја секоја ситуација која е експлоатирачка кон било кого, итн.

- Кон себе си: Практичарот ќе ја земе предвид сопствената перспектива/потешкотии/преференци, и ќе го упати на други компетентни колеги секој клиент или ситуација со која тој не сака или не може да се справи, итн.

- Кон практикантите: Практичарот, свесен за нивото на учење на практикантите, дава адекватна подршка, ги пружа сите потребни ресурси за учење и е отворен да го преусмери сопствениот предавачки стил со цел да се усогласи со потребите за учење на практикантот; итн.

- Кон колегите: Практичарот задржува свеснот за професионалноста на колегите и кога постојат недоумици, директно ги разгледува со колегата. Откако ќе го ислуша одговорот, практичарот ќе донесеназависен заклучок во однос на тоа прашање; итн.

- Кон заедницата: Практичарот ја зема предвид специфичната култура на својата заедница и не се обидува да ги наметне сопствените вредности; итн.

2. **Овластување** кое ја нагласува важноста на поттикнувањето на развојот на секоја личност.

- Кон клиентите: Практичарите се посветуваат себе си да работат на развивање на свесноста кај клиентите во врска со нивното достоинство, одговорност и права; итн.

- Кон себе си: Практичарите континуирано се едуцираат во своето поле на специјалност за да го прошират своето знаење и водат грижа за сопствениот професионален и личен развој; итн.

- Кон практикантите: Практичарите ја евалуираат компетентноста на своите практиканти и ги оспособуваат да го развијат својот потенцијал, раст и благосостојба; итн.

- Кон колегите: Практичарите го почитуваат придонесот на колегите и создаваат можности да ја развијат својата професионалност, барајки заедничка компетентност, наместо да бидат завидливи на нивните откритија; итн.

- Кон заедницата: Практичарите размислуваат во пошироки термини на благосостојба и на заедницата и на клиентите; итн.

3. **Заштита**, која имплицира водење грижа и за себе си и за другите (физички, ментално, итн.), имајки ја на ум единственоста и вредноста на секого.

- Кон клиентите: Практичарите им нудат адекватни услуги на клиентите обезбедувајки им безбедна работна средина (нпр. доверливост, физичка безбедност, информирана согласност за високо ризични процедури), и ја задржуваат свесноста за било какви деструктивни тенденции на клиентот. Тие не започнуваат ниту одржуваат професионален договор во ситуација кога други активности или релации можат да го загрозат професионалниот договор (Г)[12]; ја задржуваат доверливоста дури и кога терапеутската релација е завршена (Х), итн.

- Кон себе си: Практичарите водат сметка за сопствените вредности и процесите на учење, и одбиваат да работат во ситуации кои вклучуваат конфликти со самиот себе или кои бараат повисоко ниво на компетентност; тие се грижат за сопствената безбедност и одлучуваат за ја завршат релацијата со клиентот доколку почувствуваат било каква физичка или ментална состојба која ја намалува нивната способност да работат ефикасно и компетентно со клиентот (К), итн.

- Кон практикантите: Практичарите ги охрабруваат практикантите да ги осознаат сопствените преференци и ограничувања, со цел да се заштитат себе си и клиентите од неадекватни или штетни интервенции; ги поттикнуваат практикантите да се грижат за сопствениот личен и професионален развој, ги набљудиваат нивните лични стилови и ги потегнуваат личните теми кои интерферираат со нивната сопствена безбедност или безбедноста на другите; итн.

- Кон колегите: Практичарите се спремни да конфронтираат понижувачки изјави или постапки од страна на колегите (Б); итн.

---

[12] Буквите во заградите се однесуваат на претходниот Етички Кодекс на ЕАТА.

- Кон заедницата: Практичарите им пружаат услуги на клиентите во целосна согласност со важечките закони на земјата (И); итн.

4. **Одговорност** подразбира земање предвид на последиците од сопствените постапки како клиенти, тренери, терпеути, супервизори, советници, итн.

- Кон клиентите: Практичарите склучуваат јасен договор и ја прекинуваат професионалната релација кога клиентот не може или не сака да функционира автономно и одговорно (Е); тие нема да го експлоатираат клиентот во ниту еден облик (Ф); тие се однесуваат на начин кој не предизвикува намерна или промислена штета на клиентот (Ц); итн.

- Кон себе си: Тие го земаат предвид влијанието на нивната позиција врз клиентот и внимателни се во начинот на кој им одговараат на клиентите, со цел да промовираат благосостојба и да спречат било каква злоупотреба; итн.

- Кон практикантите: Практичарите се свесни за потребите за учење на практикантите и им ги обезбедуваат потребните алатки и информации за да учат; доколку практикантот не сака да промени одредена неетичка ситуација тие ќе го конфронтираат и ќе се одлучат за одреден етички правец на делување; итн.

- Кон колегите: Тие ја прифаќаат одговорноста за конфронтирање на колега за кој имаат логична причина да веруваат дека се однесува во неетички манир, и доколку не пронајдат решение, да го пријават тој колега до соодветното етичко тело (Л); итн.

- Кон заедницата: Практичарите, како професионална одговорност ќе го сметаат водењето грижа за психолошкото и физичкото здравје на сопствената заедница; итн.

5. **Обврска** во релациите значи да се развие искрен интерес за благосостојбата на нашиот клиент.

- Кон клиентите: Практичарите се внимателни и го земаат предвид интерперсоналниот свет на индивидуата и водат грижа за своето влијание врз него; итн.

- Кон практикантите: Практичарите ги учат практикантите да го земаат предвид интерперсоналниот свет на своите клиенти; итн.

- Кон себе си и колегите: Тие учествуваат на конференции, споделувајќи ги своите придонеси; итн.

- Кон заедницата: Практичарите се свесни и активни во животот на својата заедница; итн.

Со цел да донесат етичка одлука практичарите ги консултираат етичките принципи кои им овозможуваат да проценуваат различни ситуации за да нивниот избор биде промислен. Како и да е, може да се случи практичарите да бидат инволвирани во ситуации каде не е можно да се помират сите применливи принципи; и покрај оваа потешкотија практичарите повторно ќе треба да ја разгледаат конкретната ситуација, да ги разгледаат различните перспективи и да бидат пресметливи во однос на своите одлуки.

Следната шема (Сл. 1.) е синтеза на јадрото на Етичкиот Кодекс. Има три различни нивоа кои се употребени да ги проценат ситуациите во термини на Етика:

1. Ниво Еден, **Основни Вредности** – применливи на секое човечко суштество и универзално валидни.
2. Ниво Два, **Етички Принципи** – потребна е културална интерпретација и имплицираат разлики во различни професии.
3. Ниво Три, **Целна Група** – укажува на луѓето или ситуациите кои треба да се земат предвид за етичка пракса.




Сл. 1. Синтеза на Јадрото на Етичкиот Кодекс: три нивоа на анализа за етичка пракса.

## Дел III
## Примена во пракса

### 3.1. Упатства за етичка пракса

Следниов графикон (Сл. 2.) ја претставува истата содржина како и претходниот. Оваа презентација демонстрира дека “основните вредности” се фундаментални премиси со цел да се анализира секоја ситуација во термини на Етика. Таа исто така ја нагласува важноста на проценување на ситуацијата низ разгледување на секој етички принцип и набљудување на различна целна група во однос на секој принцип со цел да се дојде до промислен **заклучок**.

Етичка пракса подразбира процес на евалуација на ситуацијата гледана од различни перспективи, кои овде се наречени целни групи.
Само по точна процена на ситуацијата од различни гледишта на ТА, практичарот доаѓа до решение.




| | Клиенти | Себе си како практичар | Практиканти | Колеги | Човечка заедница |
|---|---|---|---|---|---|
| Почитување | | | | | |
| Овластување | | | | | |
| Заштита | | | | | |
| Одговорност | | | | | |
| Обврска во релациите | | | | | |

Сл. 2. Упатство за етичка процена

**3.2. <u>Примери на апликација на вредности и етички принципи во следниве различни области:</u>**

3.2.1. Психотерапија
3.2.2. Советување
3.2.3. Едукација
3.2.4. Организации

## Додадок

**Членови од Универзалната Декларација за Човечки Права, поврзани со основните вредности**

**Чл. 1.:** "Сите луѓе се раѓаат слободни и еднакви по достоинство и права. Тие се надарени со разум и совест и треба да се однесуваат еден кон друг во дух на братство."

**Чл. 2.:** Секој има право на сите права и слободи наведени во оваа Декларација, без разлика од било кој вид, како што е раса, боја, пол, јазик, религија, политичко или друго мислење, национално или социјално потекло, имот, раѓање или друг статус. Уште повеќе, не треба да се прави поделба врз основа на политички, јурисдикционен (кој што се однесува на судската власт, заб. прев.) или интернационален статус на земјата или територијата на која лицето & припаѓа, било да е независна, труст, без сопствена власт или под било какво ограничување на суверенитетот.

Чл. 3.: Секој има право на живот, слобода и сигурност на личноста.

Чл. 18.: Секој има право на слобода на мислење, сваќање и религија; ова право ја вклучува слободата да ја промени својата религија или верување, и слобода, било сам или во заедница со другите, јавно или приватно, да ја манифестира својата религија или верување низ подучување, пракса, обожавање и почит.

Чл. 19.: Секој има право на слобода на мислење и изразување; ова право вклучува слобода да ги задржи своите мислења без попречување, и да бара, прима и дава информации и идеи низ било кој медиум и независно од границите.

Чл. 22.: Секој, како член на општеството, има право на социјална сигурност и право на реализација, низ национален напор и меѓународна соработка и во согласност со организацијата и ресурсите на поедина Држава, и економските, социјалните и културалните права, неопходни за неговото достоинство и слободен развој на неговата личност.

Чл. 23: (1) Секој има право да работи, на слободен избор на вработувањето, на праведни и поволни услови за работа и на заштита од невработеност. (2) Секој, без било каква дискриминација, има право на еднаква плата за еднаква работа. (3) Секој кој работи има право на праведна и поволна плата, обезбедувајќи си на себе си и на своето семејство егзистенција доволна за човечко достоинство, и додатоци, доколку е потребно, низ други начини на социјална заштита. (4) Секој има право да формира и да пристапува кон трговски друштва за заштита на сопствените интереси.

Чл. 24.: Секој има право на одмор и слободно време, вклучувајќи разумно ограничување на работните часови и периодични платени одмори.

Чл. 25.: (1) Секој има право на стандард на живот адекватен за здравје и благосостојба на себе си и на семејството, вклучувајќи храна, облека, живеалиште, медицинска грижа и потребните социјални услуги, и право на сигурност во случај на невработеност, болест, инвалидитет, смрт на брачниот партнер, старост или друг вид на недостаток на заработувачка во услови надвор од негова контрола. (2) Мајчинство и детство имаат право на посебна грижа и помош. Сите деца, независно дали се родени во брак или не, треба да ја уживаат истата социјална заштита.

Чл. 29.: (1) Секој има должности кон заедницата во која слободниот и целосен развој на неговата личност е овозможен. (2) При примената на сопствените права и слободи, секој треба да биде предмет само на оние ограничувања кои се одредени со законот, исклучиво со цел да се обезбеди соодветно признавање и почит на правата и слободите на другите и на задоволување на основаните барања за моралност, јавен ред и генерална благосостојба во демократско општество. (3) Овие права и слободи во ниту еден случај не смеат да се применуваат спротивно на целите и принципите на Обединетите Нации.